**Оригинален труд**
**UDC 811.163.3'27**

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НИЗ ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

**Лидија Тантуровска**
*Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Македонија*

**Key words:** Macedonian language, linguistics, sociolinguistics, stylistics

**Summary:** Macedonian language as the official language in the Republic of Macedonia becomes the language of education, science, the media, and the institutions within the social and political system.

In linguistics, sixty-five years are a relatively short period of time for more noticeable changes to take place in the grammar of a language. However, some changes can be seen at every level of a language. The most important factors that influence the changes in a language are the popular dialects and the strong influence of the Serbo-Croatian language in the period from 1945 to 1990, as well as the prestige of the Skopje dialect. From 1990 to today, the globalization process could also be included, which is felt through the strong influence of the English language.

Прашањето за односот меѓу општеството и јазикот подолг период е предмет на интерес кај голем број лингвисти[1]. Многу од нив се согласуваат дека овие два феномена се подложни на промени во текот на времето. Во истражувањата, сопоставувајќи ги општествените и јазичните промени, произлегуваат повеќе прашања што се однесуваат токму на нивната корелација. Нема да се задржиме на теориските размислувања и полемизирања што произлегуваат од нивниот соодност, туку ќе се осврнеме на општествените промени во Република Македонија, кои повлијаеле за извесни промени во македонскиот јазик од 1945 година до денес. Поради општествено-политичките промени што ѝ се случија на Република Македонија на самиот почеток од последната деценија на дваесеттиот век, можеме да зборуваме за два потпериода, и тоа: првиот потпериод е од 1945 до 1991 и вториот од 1991 година до денес.

---

[1] Bell, R.. Benvenist, Bernstajn, Bright, Brozović, Bugarski, Fishman, Hudson, Ivir, Labov, Radovanović, Stewart, Корубин ... итн.

На самиот почеток ќе кажеме дека својата официјална кодификација македонскиот јазик ја доби кон средината на 20 век во современата македонска држава во рамките на федерацијата Југославија (најпрвин во Демократска Федеративна Република Југославија, подоцна: Федеративна Народна Република Југославија - ФНРЈ, и: Социјалистичка Федеративна Република Југославија - СФРЈ). Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), на 2 август 1944 година во манастирот Св. отец Прохор Пчињски, на своето прво заседание, донесе решение со кое се воведува народниот македонски јазик како службен јазик во македонската држава. По предлог на Комисијата за јазик и правопис при Министерството за просвета, Народната влада на Федерална Македонија донесе решение за македонската азбука на 3 мај 1945 година, а на 2 јуни 1945 за македонскиот правопис. Овие датуми и овие случувања се дефинираат како завршување на процесот на кодификација на современиот македонски јазик започнати многу порано. За ова сведочат претходните обиди и потврдените историски факти од историјата на македонскиот народ за обезбедување сопствено место меѓу словенските и меѓу балканските народи и јазици. Како што е познато „доцната официјална кодификација на современиот македонски јазик (во однос на другите словенски јазици) претставува последица на историските околности што не беа наклонети за непречен и континуиран развиток на македонскиот народ во сите сфери на животот. Од друга страна, фактот што оваа кодификација се случи во средината на дваесеттиот век предизвика, во славистиката, појава на определување на македонскиот стандарден јазик како ’најмлад словенски јазик‘“ (МЈ, 1998: 20). Со прогласувањето на македонскиот јазик како службен во Федерална Македонија (односно, подоцна: Народна Република Македонија, па: Социјалистичка Република Македонија), тој стана јазик на образованието, на науката, на средствата за јавно општење, на институциите во рамките на општествено-политичкото уредување, а во рамките на југословенската федерација беше и еден од службените нејзини јазици (заедно со српскохрватскиот и словенечкиот).

Наспрема ова, на самиот почеток од последната деценија од 20 век, како резултат на општествено-политичките промени што настанаа во југословенската заедница, Република Македоња, по референдум, ја прогласи својата независност на 8 септември 1991 година. Собранието на Република Македонија на 17 ноември истата година го донесе

Уставот на Република Македонија[2], во кој пишува (во Членот 7 од Основните одредби): „Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо." Во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство или како значителен број живеат припадниците на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо, е нивниот мајчин јазик со писмото. (Скопје, ноември, 1991)

Веќе во јануари 1992 година беа донесени два амадмана со кои Република Македонија се обврзува дека нема територијални претензии кон соседните држави и дека нема да се меша во нивните внатрешни работи. Со прогласувањето на осамостојувањето и на независноста на Република Македонија, го означуваме вториот потпериод. Македонскиот јазик е службен јазик во Република Македонија. Се отворија можностите за негова застапеност во сите сфери на употреба. Денес зборуваме за македонскиот стандарден јазик како повеќефунцкионален, односно современиот македонски јазик се реализира низ административниот, научниот, публицистичкиот, уметничколитературниот и разговорниот функционален стил.

Денешната лична карта на македонскиот јазик е резултат од неговата генеалошка, од неговата ареална припадност, како член на фамилијата на словенските јазици и на балканскиот јазичен сојуз. Според овие две релации, можеме да зборуваме за релативно упростен вокален систем (*е, и, о, у, а*); за динамичен акцент што паѓа на третиот слог од крајот (*учи́лница – училни́цата*); за акцентски целости (кои претставуваат еден поим: *кисело́-млеко*, односно проклитички и енклитички изрази: *да́ј-им-ја!*); за аналитичен начин на изразувањето на падежните односи (некои предлози добиваат граматички функции: *на, од*); односно за остатоци од некои падежни форми (кај личните имиња: *Стојан - Стојана* и кај некои именки од машки род: *татко – татка*; потоа кај личните, прашалните, неопределените, општите и одречните заменки: *мене, тебе,; него, нему; неа, нејзе; нас, нам; вас, вам; нив, ним; кого, кому; некого, некому; секого, секому; никого, никому*); за вокативната форма; за три серии членски морфеми за определба на именските групи, кои одговараат на трите показни заменки *(-ов, - овој; -он – оној; -от – тој*); за загубени инфинитив и супин; за релативно богат систем на глаголските времиња; за употребата на двата помошни глагола *сум* (со *л*-формата: *сум дошол,*

---

[2] Треба да се забележи дека припадниците на едно малцинство не излегоа на референдумот, а нивните претставници во Собранието не гласаа за Уставот на Република Македонија.

односно со глаголската придавка: *сум дојден*) и *има: имам дојдено*), за регуларното удвојување на индиректниот и на директниот објект (*му реков на човекот; го видов човекот*) ... итн., како во споредба со старословенскиот јазик, така и во споредба со јазиците од балканскиот јазичен сојуз.

Како што е познато во лингвистиката, позабележливи промени во граматичката структура на еден јазик не можат да се очекуваат за периодот од шеесет и пет години. Сепак, можат да се следат некои промени на сите јазични нивоа. Факторите што влијаат на јазичните промени ги поделивме во две групи. Во првата се оние што влијаат од 1945 година до 1991 година, каде што ги вклучивме: народните говори, влијанието на српскохрватскиот јазик (Корубин, 1986: 33-34), односно живата врска меѓу стандардниот јазик и народните говори, престижноста на српскохрватскиот јазик во Македонија поради секојдневниот допир во сите сфери на јавното општење, потоа престижноста на говорот во Скопје (како главен културен, економски, политички центар во Македонија), задоволувањето на сите потреби за општење на македонските родени говорители, промената на образованото ниво на населението итн., а во втората се оние што влијаат од 1991 година до денес, а ќе го издвоиме силното влијание на англискиот јазик, кое е поврзано со процесот на глобализацијата, со кој се погодени јазиците од неанглиското говорно подрачје.

Во оваа пригода ќе издвоиме само некои јазични промени проследени низ примери низ шест и пол деценискиот период. Во првиот потпериод, од гласовниот систем и од акцентот ќе ги издвоиме: процесот на затврднување на меките консонанти, потесен и пократок изговор на вокалите, на пр. на *е* и *и* (кај младата генерација), од полумек до мек изговор на гласот *љ* (по влијание на турскиот и на српскохрватскиот јазик), изговор на *ќ* и *ѓ* (покрај дијалектните, придонесува истото туѓујазичното влијание како кај *љ*), некои тенденции на поместување на акцентот под влијание на супстандардот на скопскиот говор во седумдесеттите, на српскохрватскиот јазик, на јазикот на политичарите. На морфолошки план, ќе ги споменеме: сè почестата употреба на *л*-перфектот за прекажување, т.е за незасведочени дејства, а резултативното значење се изразува со *сум-* и *имам-*конструкциите, кои се сметаат за балканска иновација во македонскиот јазик. И. Леков (Леков, 1968: 172), ги цитира Б. Хавранек и А. Галис, при што забележува: „Македонската конструкција ‚имам дојдено’ се разгледува како нов словненски перфект, настанат како последица на балканската јазична интерференција“. На зборообразувачки план е сè поголемо зацврстувањето на местото на суфиксот

-*ција* со зборови од различно потекло (*компјутерција*), употреба на суфиксот

-*ара* (*сендвичара, пивара, чорапара*). Од синтаксичка гледна точка ќе издвоиме две појави: едната се однесува на именска група, а другата на реченицата, поточно на прашалната реченица. Во првата појава, станува збор за именските групи составени од две именки од кои едната врши атрибутска функција. Оправдување за ваквата појава наоѓаме во балканскиот образец (*ручек време, ветер работа*). Во стандардниот македонски јазик сè повеќе се среќаваат вакви именски групи (од: *поет револуционер, човек ѕвер, дете ѕвезда (ѕвездалија)*, па сè до: *уредник-водител, бомбаш-самоубиец, роман-расправа, филозоф-просветител, учител-воспитувач* итн. Особено, појава на вакви именски групи и полусложенки има во административниот функционален стил, поточно во законодавноправниот потстил: *нацрт-закон, анекс-договор, предлог-резолуција, заменик-претседател, државиучеснички* и речиси секојдневно слушаната: *држава-членка*. Кај втората појава, настанува нарушување на реченичната структура на прашалната реченица, односно неприфатлива линеаризација (Корубин, 1980: 86-99). Во првиот потпериод се јавува во преведените текстови од српскохрватскиот јазик, а денес, веќе како остаток што го среќаваме секојдневно, најчесто преку средствата за јавно информирање (*Што тоа правиш*?). Што се однесува до лексиката, од српскохрватскиот (во првиот потпериод) е адаптацијата на некои лексеми (*прекинувач, кошаркар, стапка, тековен*), или од терминологијата (*самогласка, согласка, именка*; одделно од воената терминологија: *минофрлачка, волно*), зборови – нужни заемки (*благајник, брод, водовод, ходник*) итн.

Во вториот потпериод сме сведоци на секојдневно навлегување на англизми, процес што не е карактеристичен само за македонскиот јазик. Напротив, со процесот на глобализацијата ваквата појава одамна ја има во неанглиското говорно подрачје. Напливот на англизми во македонскиот јазик може да се забележи во повеќе сфери. Секоја држава се обидува да се заштити од секојдневниот наплив на туѓите јазични елементи. Република Македонија од 2005 година го има и „Законот за употреба на македонскиот јазик“[3].

Ако го расчлениме македонскиот јазик по функционалните стилови, ќе забележиме дека англизмите се присутни, во поголема или во помала мера, во сите функционални стилови. Во голем број, тие навлегуваат преку средствата за јавно информирање (како преку електронските, така и преку печатените медиуми), што значи се

[3] Сега се врши дополнување и проширување на Законот.

присутни во публицистичкиот функционален стил. Најчесто ги слушаме или ги читаме од новинарите, односно ги наоѓаме во новинарскиот потстил (*апликација, бенчмарк, брифинг,* и сл.).

Во врска со фактот дека средствата за јавно информирање го следат животот во една говорена заедница и го одразуваат, јазикот во нив треба да содржи актуелни зборови и изрази. Така, во средствата за јавно информирање срeќаваме нови зборови сврзани со дадениот период од политчката и од економската сфера, потоа од обласа на културата, на науката итн. Всушност, станува збор за терминологија што им се доближува на широк круг зборувачи. Новинарскиот потстил е под влијание на политичкиот живот и го одразува политичкиот строеж на општеството. Наместо некогашните зборови и зборовни групи: *петолетка, самоуправување, социолистичко општество* и сл., денес се зборува за *пазарна економија, бизнис, транзиција, приватизација, правна држава* и сл. *Конференициите за печат* се замениети со *прес-конференции*, *состаноците* со *самити, директор* со *менаџер* и сл. Иако зборовите што се употребуваат се интернационализми, како што веќе споменавме, голем број од нив се од англискиот јазик: *монитринг, консензус, лидер* и сл. Некои именски групи што се појавуваат не можат да се вклучат во македонскиот граматички систем: *мини ски центар, стенд-бај аранжмани, лоби групи* итн. Понекогаш доаѓа до преосмислување на интернацонализми и тоа под влијание на англискиот јазик: *администрација* (за *влада*), *спикер* (за *претседтел на парламент*); *интервју* (за *разговор за примање на работа*), *презентер* (за *спикер што чита вести*) и сл. Треба да се одбележи и пристуството на изрази од англискиот јазик, во оригинал, во транскрипција или во превод (Т. Треневски: 240-250): *Во таква ситуација, меѓународната дипломатија, којашто – like it or not – има влијание на домашната политичка сцена, е во ситуација да го избере помалото од двете зла; Х го има добиено имиџот на „бед гај“; ... на крајот ги притиснаа и ставот беше „земи или остави“ (take it or leave it)...*

Како дел од новинарскиот потстил се рекламите и огласите. Како што е познато, рекламите треба да го привлечат вниманието, па затоа во нив превладува поттикнувачка или мотивирачка функција над информатичката поткрепена со комерцијалниот момент. Ако се направи споредба на овие текстови во двата потпериода, треба да се исткне дека од 1991 година се зголеми бројот на средствата за јавно информирање во кои се објавуваат рекламите и огласите, како и се појавија и специјализирани публикации. Огласите станаа од различни видови (купопродажба на недвижен и движен имот; барање-давање

услуги итн.). Покрај другите јазични појави, треба да се нагласи дека и во овие текстови не е мал бројот на заемки од англискиот јазик (*видеорекордер, дискплеер, ресивер, флопи* итн.). Низ страниците на дневниот печат можат да се забележат огласи, односно конкурси испишани на англиски јазик.

Овде можеме да се надоврземе и за состојбата со натписите на фирмите, рекламите и рекламните паноа. Според едно наше истражување на натписите низ центарот на градот Скопје (во 2006 година), дојдовме до заклучок дека можат да се прочитаат натписи на домашни и на странски фирми напишани и на друг јазик и на друго писмо. Според Законот за трговски друштва (Сл. весник на РМ бр. 58/02), во членот 317 се вели: *1) Фирмата мора да е напишана на македонски јазик со кирилично писмо...* Ако станува збор за странска фирма тогаш: *2) Фирмата може да се преведе и на друг јазик кој мора во целост да одговара на содржината на фирмата и може да се употребува само и во исто време со фирмата напишана на македонски јазик...* Фактот што загрижува е што се среќаваат домашни фимри напишани на друг јазик (најчесто на англиски) и на поинакво писмо (најчесто латинично).

Кога веќе ги споменуваме законите, да кажеме збор-два за законодавноправниот потстил, еден од потстиловите на административниот функционален стил. Административниот функционален стил се карактеризира со информативност, прецизност, клишираност и затоа, само во некои потстилови можат да се сретанат јазични промени особено во лексиката. Причина се повторно општествено-политичките промени, според кои *собрание* се замени со *парламент* и сл. Во последно време, во некои од постиловите се јавуваат англиски лексеми од типот: *лизинг, дилер, холдинг-менаџер, компанија* и сл.. Од дипломатскиот потстил ќе ги издвоиме: *акредитира, дипломатски кор.* Во општествено-политичкиот потстил се среќаваат: *трансформација, плуризам, консензус, мониторинг* и сл. Кога станува збор за надворешната политика, особено откога Република Македонија почна да се подготвува да стане членка на Европската унија, со преговорите, како и со подготувавањето на материјалот што се преведува, може да се забележат и јазични промени. Од една страна доаѓа до збогатување на правната терминологија со нови поими и термини (*еврокомесар, евроинтеграција и сл.*), а од друга страна при преводот настануваат јазични промени што тешко се вклучуваат во јазичниот систем на македонскиот јазик.

Следниот функционален стил, за кој сакаме да да прокоментираме, е научниот, кој ги содржи во себе строгонаучниот (академскиот), во кои се вклучени монографии, докторски дисерта-

ции, реферати, статии исл.; научно-учебничкиот, кој се пројавува во вид на учебници и сл. и научно-популарниот, кој доаѓа до израз преку книги, стаии, предавања, емисии и сл. Покрај употребата на општонаучната лексика (*број, систем, пример, структура* и сл.), со развојот на науката и технологијата можат да се сретнат многу нови поими и термини. (Меѓу другото, овде мислиме на информатиката, каде покрај оригиналните називи, како на пр.: *компјутер*, се среќаваат и преведени: *хардвер* или *цврст диск/тврд диск, маус* или *глувче, фолдер* или *папка* и сл.)

Како што е познато, во уметничколитературниот функицонален стил е одразен јазичниот израз на писателите, на авторите на делата од уметничката литература, па според тоа кај овој стил на преден план е индивидуалниот белег. Ако направиме споредба меѓу прозните дела на писателите во привот потпериод и оние од вториот период, веднаш се забележува дека општествено-политичките промени влијаат и врз „трендот“ на пишување. Во прозните дела на македонските автори: Бл. Конески, Вл. Малески, Ж. Чинго, М. Фотев, С. Дракул, Бр. Пендовски итн. се застапени дијалектизми што се користат за стилистички и функционални цели, како што истакнува Р. Паноска (Паноска, 1972: 205-218): „...кон дијалектизмите се посега кога се актуализира времето, опстановката, битот, иднивидуалната реч на лицата“. Секако дека дел од авторите и од првиот период внесуваат свои неологизми и индивидуализми (Сл. Јаневски, Г. Тодоровски итн.), а и туѓојазични елементи, кои се од грчко, од турско потекло или пак станува збор за црковнословенизми. Слично на прозните, и драмските текстови се препознаваат дали се пишувани во првиот или во вториот потпериод. Бидејќи авторот на ваквите текстови мора да внимава исказите да звучат природно[4], јазикот е близок до разговорниот. Така, наспрема драмите како „Чорбаџи Теодос“, „Бегалка“ (В. Иљоски), каде што се среќаваат дијалектизми, турцизми или се напишани на дијалект, се јавуваат драми од типот на: „Лет во место“, „Хај-фај“, „Дупло дно“ (Горан Стефановски), „Чија си“ (С. Насев), каде што се среќаваат значителен број на англизми, а една од поновите драми „Последните Македонци“ (што се изведува во Драмскиот театар во Скопје) речиси целата драма е на англиски јазик.

Разговорниот фунцкионален стил најнепосредно го одразува индивидуланиот јазичен израз на секоја единка. Покрај карактеристиките на овој стил (економичност во изразот, редунданција, непосредност, спонтаност, ориентација кон адресатот, интонација и сл.),

---

[4] Се пишуваат за да бидат говорени.

разговорниот функционален стил е тесно поврзан со секојдневниот живот на говорната заедница и со појавата на нови предмети, појави, занимања и сл. Се појавуваат нови називи, меѓу кои има и голем број англизми. (На пример, денес се храниме со *хамбургер,* а не со: *плескавица*, односно *ќофте*, а *сендвичот со виршла* стана *хот-дог* итн.) Големата застапеност на информатиката, на мобилната телефонија, како и на Интернет-мрежата, предизвика наплив на англизми и во разговорниот стил од типот (*четување, скајп, фејсбук*).

Од презентираната анализа може да се заклучи дека општествените промени во една општествена заедница влијаат врз јазикот, што се потврди и од наведениве примери од македонскиот јазик, кои ги регистрираме како „последица“ на општествените промени во Република Македонија во периодот од шеесет и пет години.

**Литература:**


Видоески. Божидар. 1950. Образување на вокативната форма кај именките. Скопје. *Македонски јазик*. год. 1/8 стр. 191-192 и 1/9-10, 231-235.

Видоески. Божидар. 1970. Акцентските системи во македонските дијалекти. Скопје. *Литературен збор*. 17, 1-1-10.

Тодоровски. Тодор. 1965. За некои влијанија на соседните јужнословенски јазици врз македонскиот литературен јазик. Скопје. *Лзб.* 12/4, 4-17.

Јашар-Настева. Оливера. 1966. За некои аспекти на збогатување на лексиката на современиот македонски јазик. Скопје. *Македонски јазик*, 17, 5-29.

Јашар-Настева. Оливера. 1966. Интернационалната лексика во современиот македонски јазик, Скопје. *Лзб.* 13/3, 10-16.

Конески. Блаже. 1980. *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје.

Конески. Блаже. 1980а. *Историја на македонскот јазик*, Скопје.

Конески. Кирил. 1980. *Глаголските конструкции со ЌЕ во македонскиот јазик,* Скопје.

Конески. Кирил. 1995. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*, Скопје.

Корубин. Благоја. 1969/1976/1980/1986. Јазикот наш денешен, 1, 2, 3, 4, Скопје.

Корубин. Благоја. 1990. *На македонскограматички теми*, Скопје.

Корубин. Благоја. 1994. *Македонски историо-социолингвистички теми,* Скопје.

Леков. И. 1968. *Кратка сравнително-историческа и типологическа граматика на славянските езици,* София.

Минова-Ѓуркова. Лилјана. 1988. Именките на –ара во македонскиот јазик. Скопје. Лзб. 35/1-2, 49-53.

Минова-Ѓуркова. Лилјана. 1994. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик,* Скопје.

Минова-Ѓуркова. Лилјана. 2003. *Стилистика на современиот македонскиот јазик,* Скопје.

*Службен весник на Народна Република Македонија* (1950, 1953).

Усикова. Рина. 1985. *Македонский язык,* Скопје.

Усикова. Рина. 1997. Кон развојот на македонскиот јазик со оглед на јазичната ситуација во Македонија. Скопје. *Педесет години на македонската наука за јазикот,* 153-164.

*Устав на Народна Република Македонија* (1946), Скопје.

*Устав на Народна Република Македонија* (1953), Скопје.

*Устав на Социјалистичка Република Македонија* (1963), Скопје.

*Устав на Социјалистичка Република Македонија* (1974), Скопје.

*Устав на Република Македонија* (1991), Скопје.

Цветковски. Владимир. 1966. Англиски заемки во македонскиот јазик. Скопје. *Македонски јазик.* 17, 149-157.

Friedman. V. 1992. *An Outline of Macedonian Grammar. Handbook of the Slavonic Language.* Routlege.

Lunt H. 1952. *Grammar of the Macedonian Literary Language*, Skopje.

Toshovic B. 1988. *Funkcionalni stilovi*, Sarajevo.